Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Дваесет и четвртата Седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата Седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:35 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Еролд Муслиу, директор на Агенцијата за разузнавање, Билјана Пецова, нотар и Иван Тодоровски од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

На седницата не учествуваа членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на записниците од 16-та, 18-та, 21-та и 22-та седница на Владата, одржани на 27 октомври 2020 година, 9 ноември 2020 година, 17 ноември 2020 година и 19 ноември 2020 година.**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Информација за потребата од одржување на обука за практична примена на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со презентација

1. Записник од Дванаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 ноември 2020 година

2. Записник од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 24 ноември 2020 година

3. Предлог - програмата за изменување на Програмата за развој на спорт и млади за 2020 година

4. Предлог –одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје

5. Информација за состојбата на проектот „Имплементација и воведување во употреба на Европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија“

6. Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и

Предлог - модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ - проектите во Република Северна Македонија

7. Предлог - програма за изменување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2020 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

8. Годишен извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година, со Предлог – одлука и дополнување

9. Годишна сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година, со Извештај од независниот ревизор и предлог – одлуки, со дополнувања

10. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за вршење на ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог – одлука

11. Информација за улогата на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје во својство на малцински акционер во Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје- Вардакс АД

12. Информација за уплатите од страна на Државниот завод за индустриска сопственост кон Европскиот патентен завод

13. Барање за давање во сопственост на недвижни ствари-објекти сопственост на Република Северна Македонија, со предлог – одлуки

14. Предлог - одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија, МХЕЦ Ехлоец доо Скопје

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, по скратена постапка

16. Предлог на закон за дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка

17. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

18. Предлог - годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2020 година

19. Информација во врска со потребата за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог – решение

20. Информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори-биогас со капацитет до 1MW, КО Заполжани, Општина Долнени со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Козјак, Општина Ресен, со Предлог – одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат КО Сушица 1, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

24. Информација за спроведеното завршно оценување на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 и Програмите за развој на планските региони, со Завршна евалуација

25. Информација за обезбедување согласност од ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S. како референт оператор за неизведба на карго аеродромот во Штип

26. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија

27. Прелог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ Велес)

28. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – ЕУРОКОМПОЗИТ“ АД Прилеп)

29. Предлог – одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година (*)

30. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево

31. Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање

32. Предлог на закон за ратификација на Техничкиот аранжман меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за национална одбрана на Грција за заштита на воздушниот простор FIR SKOPJE (LWSS)

33. Информација за потребата од потпишување на Анекс 2 на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана од министерот за локална самоуправа и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија/СДЦ како и Анекс 5 на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана од министерот за локална самоуправа и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија/СДЦ, со анекси

34. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 – CRIS 2019/041-371, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодба

35. Предлог - одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза

36. Предлог - програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година

37. Предлог - програма за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година

38. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството, со текст на Меморандум

39. Информација со Предлог-одлука за користење на стоковни резерви лекови – инсулин за хумана употреба

40. Информација за промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21 март 2017 година и арх. број на носителот на набавката 08-417/1 од 21 март 2017 година

41. Информација за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија и промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни активности за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали во основните и средните училишта

42. Информација за исплата на пензии за ноември 2020 година

43. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица на ГП 10.3 ДУП АРМ Четврт 3 Битола КП 17595/506 КО Битола, со Предлог – одлука

44. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Стар“ од Гостивар, со Предлог-одлука

45. Информација за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион

46. Предлог - одлука за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на граѓани за третман на лица со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром ВО МОЈОТ СВЕТ-Скопје

47. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Липково (патничко моторно возило)

48. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Струмица

49. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен студентски дом „Скопје“ Скопје (мебел)

50. Предлог - одлука за преземање на основачките права и обврски над општинско угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески“ Охрид

51. Предлог - одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ“ Куманово

52. Предлог - одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Моша Пијаде“ Тетово

53. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.290/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/16) и делот од член 81 став 9 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18)

54. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.266/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на зборовите: „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за координација на политичките прашања на ресорите“ во насловот на Глава II, членовите 5 и 6 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

55. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.267/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2018)

56. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.270/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2016), поднесена од Светскиот македонски конгрес

57. Иницијатива под У.бр.265/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), поднесена од Светски македонски конгрес

58. Иницијатива поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.277/2020 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 288, член 381 став 3 и 4, членовите од 483 до 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18)

59. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2626 за КО Бутел на КП бр. 2370 МВ/Улица Бутелска, доставена од нотар Насер Зибери од Скопје

60. Понуда за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7329 за КО Центар 1, Имотен лист бр.111109 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.111108 за КО Центар 1, со дополнување, доставена од нотар Анита Адамческа од Скопје

61. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.953 за КО Бутел на КП бр.5047 викано место/улица Хо Ши Мин

62. Понуда од нотар Стела Лазаревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192565в за КО Драчево на КП бр.785 викано место/улица Јурија

63. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2085 за КО Злокуќани на КП бр.7060, дел 2, викано место/улица с. Злокуќани, со дополнување

64. Известување од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за трета усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) за КО Љубанци, доставена под И. бр. 1275/2017, која ќе се одржи на 25 ноември 2020 година

65. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.2495/19 од 28.7.2020 година за КО Чаир и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), која ќе се одржи на 26 ноември 2020 година

66. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.19/20 од 14.1.2020 година и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), која ќе се одржи на 25 ноември 2020 година

67. Кадровски прашања

68. Прашања и предлози

69. Извештај за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево, за трет квартал на 2020 година

70. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје, за 2017 година

71. Информација за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот декември 2020 – декември 2022 за потребите на населението на Република Северна Македонија

72. Информација во врска со препораки од Интернационална стопанска комора до Бирото за јавни набавки за додавање на Анти-корупциска клаузула во договорите за јавни набавки

73. Информација за преземените мерки од страна на Министерството за внатрешни работи по основ на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија донесени на Сто и четириесеттата седница, одржана на 18 јуни 2019 година, кои произлегуваат од Годишните извештаи за ревизорска активност и Годишни ревизорски мислења за 2018 година, доставени од Ревизорското тело до надлежните директорати на Европската комисија на 15 март 2019 година

74. Информација за изградба на пруга Бељаковце - Крива Паланка, за период до 30 септември 2020 година

75. Предлог на закон за регистрација на возила со странски регистерски таблици на територијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка

76. Информација во врска со активностите од Прва фаза на конкурентен дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Извештај од спроведената евалуација на пријавите за учество по Јавен повик бр.01/2020 за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија и Предлог – одлука

77. Информација за активностите поврзани со Бернска Конвенција, со Извештај

78. Информација во врска со финансиска поддршка за јавни комунални претпријатија, со Предлог-одлука

79. Информација во врска со инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година, со текст на Писмо

80. Предлог - одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година

81. Предлог – одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година

82. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

83. Информација за подготовка на Мастер план на Република Северна Македонија во рамките на регионалниот ИПА проект „Регионална поддршка за управувањето со сензитивната миграција во делот на Западен Балкан и Турција – фаза 2"

84. Информација за отпочнување на процес на Кодификација на правото и правниот поредок во Република Северна Македонија

85. Информација за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија БУЛ – БИЛДИНГ ДООЕЛ Пробиштип, со Предлог – одлука

86. Информација за набавка на дополнителни Microsoft лиценци за потребата на Министерството за образование и наука

87. Барање согласност на Одлуката за именување на заменик директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 16-та, 18-та, 21-та и 22-та седница на Владата, одржани на 27 октомври 2020 година, 9 ноември 2020 година, 17 ноември 2020 година и 19 ноември 2020 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

- **Информација за потребата од одржување на обука за практична примена на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со презентација**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за потребата од одржување на обука за практична примена на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со извршена презентација.

Исто така, посебниот советник за борба против корупција и криминал во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Иван Тодоровски спроведе обука за практична примена на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата, согласно Заклучокот од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 ноември 2020 година.

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Дванаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 ноември 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 24 ноември 2020 година и го прифати Предлогот за учество на дел од Армијата во справувањето со кризната состојба – Преглед на потребни сили и капацитети на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија за физичко обезбедување на ковид центрите, изработен од Главниот штаб за управување со кризи.

Согласно ова, врз основа на член 35 од Законот за управување со кризи за операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на Пандемија прогласена од Светската Здравствена Организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/20), Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија, согласно Предлогот за учество на дел од Армијата во справувањето со кризната состојба – Преглед на потребни сили и капацитети на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија за физичко обезбедување на ковид центрите, изработен од Главниот штаб за управување со кризи.

Исто така, се задолжуваат органите на државната управа кои отстапија возила на времено користење за потребите на Армијата за време на траењето на вонредната состојба, истите повторно да ги отстапат по барање на Министерството за одбрана за справувањето со кризната состојба.

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на спорт и млади за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата на проектот „Имплементација и воведување во употреба на Европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија", и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, со Буџетот за 2021 година да ги обезбеди неопходните финансиски средства на Центарот за управување со кризи, кои средства се одземени од Буџетот на Центарот заради пакетот на мерки за справување со COVID - 19, во висина од 34.048.000 денари заради целосна реализација и финализирање на започнатиот Проект, кој е финансиран и неговата реализација е во постојана соработка со Канцеларијата на Европската Унија во Скопје - „Воспоставување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување Е-112 во Република Северна Македонија", и треба целосно да биде завршен во 2021 година.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи врз основа на усвоените проекти и елаборати за адаптација, реконструкција и сместување на Регионалните оперативни центри за Е-112 во Тетово, Охрид, Битола, Штип, Велес, Струмица и Куманово, целосно и комплетно да ги заврши сите започнати активности за „Имплементација и воведување во употреба на Европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија" и за истото да ја информира Владата.

Истовремено, се укажува на Центарот за управување со кризи во однос на заклучокот бр.1 да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 6

Владата ја разгледа Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог - модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ - проектите во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи во натамошните фази на поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот задолжително да биде вклучено и Министерството за финансии.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2020 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по Годишниот извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година, со дополнувањето, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по Годишната сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година, со Извештај од независниот ревизор и предлог – одлуки, со дополнувањата, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година (нов текст), во предложениот текст, и

2. Одлуката за распоредување на добивката на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за вршење на ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за улогата на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје во својство на малцински акционер во Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје- Вардакс АД, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има превид мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, со укажување:

-Решението во однос на барањето на мнозинскиот акционер да се стави во функција на нафтоводот со цел истиот да пренесува нафтен дериват- дизел потребно е да се побара во рамките на Енергетската заедница. Поточно, истото да биде во рамки на третиот пакет европски директиви за енергетика каде за кој било инфраструктурен проект од енергетиката треба да важи начелото за конкурентност, при што секој активен транспортер (увозник) на дизел гориво треба да има пристап до истиот инфраструктурен објект. Воедно, неопходно е да се утврди дека Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе ја пресметува и објавува цената за користење на нафтоводот како инфраструктурен објект.

**Точка 12**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за уплатите од страна на Државниот завод за индустриска сопственост кон Европскиот патентен завод и имајќи го предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии дека во Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, кој е во Собраниска постапка, не се предвидени средства за оваа намена, Државниот завод за индустриска сопственост и понатаму, како и до сега, средствата за оваа намена да ги исплаќа од сметката за самофинансирачки активности.

**Точка 13**

Владата го разгледа Барањето за давање во сопственост на недвижни ствари-објекти сопственост на Република Северна Македонија, со предлог – одлуки и по Барањето ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Ресен да се разгледа на седница на Владата по

влегување во сила на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари и нејзино спроведување во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија, МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го повлече од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, по скратена постапка со следните заклучоци:

1. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, министерот за финансии, министерот за економија и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да одржат состанок со цел наоѓање на заедничко, дополнето и прецизно законско решение.

Ова решение да се достави до стопанските комори во Република Северна Македонија со цел истите да се изјаснат и дадат соодветни предлози по текстот на истото.

2. Текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот да се дополни, прецизира и усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Конечниот (финален) текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот потоа да се достави во владина постапка.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски,

заменик на министерот за економија, а за повереници Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Илир Шабани, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија најдоцна до 30 јуни 2021 година да достави до Владата информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација  за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори-биогас со капацитет до 1MW, КО Заполжани, Општина Долнени со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација  за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори-биогас со капацитет до 1MW, КО Заполжани, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Козјак, Општина Ресен, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Козјак, Општина Ресен, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат КО Сушица 1, Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат КО Сушица 1, Општина Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за спроведеното завршно оценување на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 и Програмите за развој на планските региони, со Завршна евалуација.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување согласност од ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S. како референт оператор за неизведба на карго аеродромот во Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на направената анализа за Проценката на економската оправданост на изградба на карго аеродром во Штип бр.44-1189/1 од 4.2.2020 година, Владата оцени дека нема повеќе економска оправданост за градење на карго аеродром во Штип.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да побара согласност, согласно член 41-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, од ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден, како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S., како референтен оператор, за неизградба на карго аеродромот во Штип.

## Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Ѓоко Танасоски, директор на Царинска управа на Република Северна Македонија.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (средства во износ од 1.392.000 денари на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ Велес), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (средства во износ од 696.000 денари на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – ЕУРОКОМПОЗИТ“ АД Прилеп) и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година(*), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за Агенцијата за разузнавање, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Техничкиот аранжман меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за национална одбрана на Грција за заштита на воздушниот простор FIR SKOPJE (LWSS), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Анекс 2 на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана од министерот за локална самоуправа и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија/СДЦ како и Анекс 5 на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана од министерот за локална самоуправа и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија/СДЦ, со анекси и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Анекс 2 на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за локална самоуправа и Швајцарија претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка за Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој потпишан на 13 ноември 2017 година во Скопје и Анекс 1 на Меморандумот за разбирање, потпишан на 24 декември 2019 година.

2. Го прифати усогласениот текст на Анекс Договор број 5 склучен на 20 декември 2017 година помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од федералниот департмент за надворешни работи, дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (Амбасада на Швајцарија/СДЦ) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од министерот за локална самоуправа, заеднички

наведени како „Странки", во врска со соработката во проектот Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој I фаза на спроведување.

3. Се овластуваат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Горан Милевски, министер за локална самоуправа, најдоцна до 30 ноември 2020 година, да го потпишат Анекс 2 на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за локална самоуправа и Швајцарија претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, потпишан на 13 ноември 2017 година во Скопје и Анекс 1 на Меморандумот за разбирање потпишан на 24 декември 2019 година.

4. Се определува Горан Милевски, министер за локална самоуправа, во име на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 ноември 2020 година да го потпише Анекс-договорот број 5, склучен на 20 декември 2017 година помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од федералниот департмент за надворешни работи, дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (Амбасада на Швајцарија/СДЦ) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од министерот за локална самоуправа, заеднички наведени како „Странки", во врска со соработката во проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој I фаза на спроведување.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 – CRIS 2019/041-371, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодба и прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 – CRIS 2019/041-371, во рамки на ИПА 2.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, м-р Никола Димитров во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2019 година од Акциската

програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 – CRIS 2019/041-371, во рамки на ИПА 2.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетските средства потребни за национално кофинансирање за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 – CRIS 2019/041-371, во рамки на ИПА 2, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството, со текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството.

2. Се овластува доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството.

Исто така, потребно е предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во мислењето на Министерството за финансии, во насока фискалните импликации кои во иднина ќе произлезат од спроведувањето на одредбите предвидени во Меморандумот да се обезбедат во рамките на буџетот на ресорната институција надлежна за имплементација на истиот.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за користење на стоковни резерви лекови – инсулин за хумана употреба, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката, доколку истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот од Агенцијата за стоковни резерви да обезбеди мислење по Предлог-одлуката.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21 март 2017 година и арх. број на носителот на набавката 08-417/1 од 21 март 2017 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, дава одобрение на Министерството за образование и наука за промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21 март 2017 година и арх. број на носителот на набавката 08-417/1 од 21 март 2017 година, со следнава динамика: 624.591 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2020 година, 3.003.902 денари од сметка 786-расходи од заеми во 2020 година, 7.669.714 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2021 година, 2.745.759 денари од сметка 786-расходи од заеми во 2021 година, 5.663.014 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2022 година, 5.663.014 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2023 година и 5.663.014 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата да ја промени динамиката на обврските од склучениот договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба

и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21 март 2017 година и арх. број на носителот на набавката 08-417/1 од 21 март 2017 година, со склучување на договор за изменување и дополнување на основниот договор за продолжување на времетраењето на договорот без промена на вкупната вредност на договорот со следнава динамика: 624.591 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2020 година, 3.003.902 денари од сметка 786-расходи од заеми во 2020 година, 7.669.714 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2021 година, 2.745.759 денари од сметка 786-расходи од заеми во 2021 година, 5.663.014 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2022 година, 5.663.014 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2023 година и 5.663.014 денари од сметка 637–расходи од основен буџет во 2024 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија и промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни активности за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали во основните и средните училишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, дава одобрение на Министерството за образование и наука за промена на динамиката на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни активности за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали во основните и средните училишта, со плаќање по времени ситуации - месечно во период од 5 години со следнава динамика: 36 милиони денари во 2020 година на сметка 637 – расходи од основен буџет, 172 милиони денари во 2020 година на сметка 786 – расходи од заем, 77,6 милиони денари во 2021 година на сметка 637 – расходи од основен буџет, 102 милиони денари во 2021 година на сметка 786 – расходи од заем, 498 милиони денари во 2022 година на сметка 637 – расходи од основен буџет, 25 милиони денари во 2022 година на сметка 786 – расходи од заем, 498 милиони денари во 2023 година на сметка 637 – расходи од основен буџет и 496 милиони денари во 2024 година на 637 – расходи од основен буџет.

2. Се задолжува Министерството за финансии при донесување на Буџетот на Република Северна Македонија и изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија, да се придржуваат кон буџетското барање на Министерството за образование и наука, со цел обезбедување на планирани финансиски средства за навремена реализација и завршување на активностите на изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во најкраток можен рок.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за ноември 2020 година, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25.11.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со ноемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26.11.2020 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-за пензии со висина до 11.000 денари, исплата да се изврши на 26.11.2020 година (четврток);
-за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплата да се изврши на 27.11.2020 година (петок);
-за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплата да се изврши на 30.11.2020 година (понеделник), и
-за пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 1.12.2020 година (вторник).

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица на ГП 10.3 ДУП АРМ Четврт 3 Битола КП 17595/506 КО Битола, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вон-семејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Стар“ од Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Стар“ во Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата на предлог на Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси го одложи разгледувањето на

Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Мислењето од Општина Охрид.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на граѓани за третман на лица со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром „ВО МОЈОТ СВЕТ“-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Липково (патничко моторно возило), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Струмица, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен студентски дом „Скопје“ Скопје (мебел), во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за преземање на основачките права и обврски над општинско угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески“ Охрид, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ“ Куманово, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Моша Пијаде“ Тетово, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.290/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/16) и делот од член 81 став 9 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" бр.53/16), бидејќи смета дека оспорениот член пропишува бришење на зборовите „директорот на“ кои наводно не постоеле во членот 81 став 9 од Законот, со што оспорениот член „не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија предвиден во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните како нејзин составен дел.“

Оспорениот член гласи: „Во членот 81 став 9 зборовите: „директорот на“ се бришат."
Подносителот очигледно не ја има во предвид измената од членот 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/15), која предвидува дека во членот 81 став 10 од Законот зборовите „министерот за здравство“ се заменуваат со зборовите „директорот на Агенцијата" и измената од членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија" бр.154/15) која предвидува дека ставот 10 станува став 9 од членот 81 од Законот.

Согласно претходното, зборовите „директорот на Агенцијата" сепак постојат и тоа најпрвин во ставот 10, а потоа ставот 10 станал став 9 од членот 81 од Законот и во овој случај не станува збор за неусогласеност на одредбите од законот со Уставот, ниту за повреда на темелната вредност на уставниот поредок и на владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните како нејзин составен дел.

2. Исто така, подносителот на Иницијативата го оспорува и делот на „ставот 9 на" од член 81 став 9 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/2018 и 245/18), бидејќи наводно одредбата упатувала самата на себе, и во членот 81 став 9 попрецизно не се опишани критериуми и услови кои мора да ги исполни продавницата или бензинската станица каде би можело да се остварува промет на мало со лекови.

Оспорената одредба од членот 81 став 9 од Законот гласи: „Одобрение за промет на мало со лекови што се продаваат без рецепт во продавница или на бензинска станица од ставот 9 на овој член издава Агенцијата во согласност со овој закон и Законот за трговските друштва.“.

Од анализата на наводите во Иницијативата и на цитираните законски одредби, произлегува дека во суштина подносителот на иницијативата бара Уставниот суд да се впушти во уставно - судска оцена и да констатира дека законодавецот направил грешка односно при измените на Законот е пропуштено повикувањето на ставот 9 да се измени на повикување на ставот 8, имајќи во предвид дека со членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија" бр.154/15), ставовите 9 и 10 стануваат ставови 8 и 9 на членот 81 од Законот.

Во конкретниот случај, станува збор за очигледна техничка грешка, којашто грешка, не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно не може да предизвика забуна во однос на правилната примена на одредбите од оспорениот Закон.

Со оглед дека наводите се сведуваат на барање за постапување кое е во надлежност на законодавецот, а не на Уставниот суд, бидејќи законодавецот е орган чијашто надлежност е да ги креира прописите, да ги менува и дополнува, а воедно и да врши технички исправки, измени и дополнувања на прописите коишто ги донесува.

Што се однесува до наводите од Иницијативата дека во членот 81 став 9 од Законот не се опишани критериуми и услови кои мора да ги исполни продавницата или бензинската станица каде би можело да се остварува промет на мало со лекови, треба да се има во предвид одредбата од ставот 8 на членот 81 од Законот каде се наведени попрецизно условите кои продавницата или бензинската станица треба да ги исполни за промет на мало со лекови.

Имајќи го предвид горенаведеното, членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/16), и делот „ставот 9 на“ од член 81 став 9 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/2018 и 245/18) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" бр.53/16), и делот „ставот 9 на" од член 81 став 9 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11,

136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/2018 и 245/18).

## Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.266/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на зборовите: „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за координација на политичките прашања на ресорите" во насловот на Глава II, членовите 5 и 6 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста и законитоста на зборовите „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања во ресорите" во насловот на Глава II, членовите 5 и 6 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, дека истите не се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија и член 16 од Законот за Владата на Република Македонија, согласно што бара Уставниот суд да го поништи оспорениот деловник, и до донесувањето на одлуката да донесе времена мерка за штетните последици.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за времена мерка е беспредметно и противречно.

Оспорените делови од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија не можат да се гледаат изолирано сами за себе, туку во контекст на целината на одредбите од Деловникот кои ја разработуваат внатрешната организација и се уредува начинот на работа на Владата на Република Северна Македонија и на нејзините работни тела, како и други прашања од значење за работата на Владата, како и во контекст со Законот за Влада на Република Македонија.

Една од измените од Деловникот се однесува на прецизирање на надлежностите на првиот заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите.

Со член 1 од Деловникот за работа на Владата е утврдено дека со овој деловник, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за Владата на Република Македонија и други закони, поблиску се утврдува внатрешната организација и се уредува начинот на работа на Владата на Република Северна и на нејзините работни тела, како и други прашања од значење за работата на Владата.

Така според член 1 во Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/20) во Глава II, во насловот, по зборот „ПРЕТСЕДАТЕЛ“, се додаваат зборовите, „ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАДОЛЖЕН ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА НА РЕСОРИТЕ“.

Со членот 2, со кој се менува членот 5 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, е уредено дека претседателот на Владата го заменува првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите, а во случај на негово отсуство или спреченост тогаш Претседателот на Владата го заменува еден од неговите заменици што тој ќе го определи.

Согласно членот 3 се менува членот 6, цитирам:
„(1) На претседателот на Владата во вршењето на неговите права и должности му помагаат првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата.

(2) Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата се грижат за извршување на работите од надлежност на Владата по одделни прашања за кои ќе ги овласти претседателот на Владата.

(3) Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата го известуваат претседателот на Владата за извршување (спроведување) на работите согласно став (2) на овој член.“

Според член 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) став (1) Владата донесува Деловник за работа на Владата (во натамошниот текст: Деловник). (2) Во согласност со овој закон со Деловникот поблиску се утврдува внатрешната организација, начинот на работа, како и други прашања од значење за работата на Владата.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓу другото, е утврдено владеењето на правото.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 88 од Уставот на Република Северна Македонија Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Член 89 ставот 1 од Уставот предвидува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри, а согласно ставот 6 „организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон“. Во Уставот како највисок правен акт се утврдени само начелните рамки за функционирањето на Владата, а организацијата и начинот на работа да се уреди со закон. Имено, со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) во член 1, е предвидено дека со овој закон се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија. Тргнувајќи од уставната позиција на Владата, законодавецот во Законот за Влада, покрај уредувањето на организацијата и начинот на работа на Владата (согласно член 89 став 6 од Уставот), со членот 1 ја уредува и надлежноста на Владата. Со ваквото дефинирање на надлежностите на Владата преку определување на надлежности опфатени во членот 8 од Законот за Влада, покрај надлежностите утврдени со Уставот, врши и други работи утврдени со закон.

Со Уставот јасно е определена положбата на Владата и се утврдени нејзините права и должности. Владата е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Врз основа на наведеното, Уставот јасно ја определил положбата на органите во организацијата на државната власт, а со тоа и положбата на Владата како носител на извршната власт, која своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон. Потребно е да се потенцира дека Уставот не е акт кој ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на надлежноста на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон.

Во однос на составот на Владата (член 89 став 1), Уставот утврдува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер“, во Уставот се користи и терминот „член на Владата“. Со Законот за Владата на Република Македонија, како што напред е веќе наведено, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при што во член 16 од Законот е уредено дека претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици, дека претседателот на Владата го заменува неговиот заменик и дека претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.

Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 ставот 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Врз тие основи, со одделни одредби од законот се упатува на поблиска детална

разработка на одделни прашања, поими и термини. Понатаму одделни прашања се доуредуваат со деловник за работа.

Под деловник за работа се подразбира општ правен акт со кој се уредуваат прашања од организационо процедурален карактер во функција на подобро организирано вршење на работите на органот за кого се уредуваат тие прашања и истиот го донесува органот за кого се однесуваат тие прашања. Тргнувајќи од таквото поимање на деловникот, како и од уставниот основ за законско уредување на организацијата и работата на Владата, законодавецот оценил дека нема правна пречка со истиот закон да се утврди овластување на Владата да донесе Деловник за работа со кој поблиску ќе ја утврди внатрешната организација, начинот на работа и другите прашања од значење за работата на Влада. Основаноста на правото за уредување со Деловникот за работа, во конкретниот случај уредувањето на „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите“, е во самиот Закон за Влада и можноста со одделни одредби од истиот за операционализирање, прецизирање и детална разработка на одделни прашања.

Уставот не се произнесува за Деловникот за работа на Владата, односно не содржи директен основ за негово донесување, туку определува организацијата и работата на Владата да се уреди со закон, но исто така, тој не содржи ниту забрана за донесување на таков акт-деловник. Тргнувајќи од тоа дека организацијата и начинот на работата на Владата се уредени со законот, и дека поблиското уредување на прашањата од организационо процедурален карактер во функција на операционализација и подобро организирање на работата на органот е препуштено на Деловникот за работа, нема уставна пречка од донесување на тој акт, ниту за негово изменување и дополнување и покрај тоа што Уставот не содржи директен основ за негово донесување. Според тоа, овластувањето на Владата да донесе Деловник за својата работа, како и да носи измени и дополнувања, е во согласност со Уставот.

Целта на оспорениот деловник, е да се зголеми ефикасноста во функционирањето на Владата. Оспорените одредби со кои се утврдува оперативното работење на Владата не излегуваат надвор од уставно и законско утврдените рамки, а се во насока на доразработување на уставните и законските одредби и утврдување на начинот на работа на Владата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека зборовите „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политичките прашања во ресорите“ во насловот на Глава II, членовите 5 и 6 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Владата на Република Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот и член 16 од Законот за Владата на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата

за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на зборовите „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања во ресорите“ во насловот на Глава II, членовите 5 и 6 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

## Точка 55

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.267/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2018), дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што бара Уставниот суд да го поништи оспорениот закон и до донесувањето на одлуката да донесе времена мерка за штетните последици.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за времена мерка е беспредметно и противречно.

Имено, изборите се највисока форма на директна демократија, особено за избор на законодавна и извршна власт. Со овој закон се предвидуваат одредби за Владата на Република Македонија во функција на организирање на избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. Овие измени се преземени токму заради темелната вредност владеење на правото и поделба на власта на законодавна, извршна и судска, а поради потребата за извршување на надлежностите, без да се остави простор за сомнеж за пречекорување на Уставно и законски утврдени овластувања.

Со членовите 1 и 2 на овој закон се уредува организацијата на Владата на Република Северна Македонија.

Согласно член 1, а со кој се изменува член 43, сто дена пред одржувањето на избори за пратеници, а по претходна оставка на претседателот на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ќе избере нова, преодна Влада за спроведување на избори на пратеници, предводена од нов претседател на Влада кој го „предлага најголемата политичка партија што го формира владиното мнозинство“.

Со член 2, се додаваат осум нови члена 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50 и 51, според кои законодавецот ја уредува техничката (преодна) влада како задолжителна за сите парламентарни избори.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓу другото, е утврдено владеењето на правото. Токму заради владеењето на правото е определен соодветниот начин на организирање на изборите. Имено, соодветно организирање на изборен процес за избор на членови на законодавниот дом е conditio sine qua non за гаранција на оваа темелна вредност.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 88 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Член 89 ставот 1 од Уставот предвидува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри, а согласно ставот 6 „организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон". Во Уставот како највисок правен акт се утврдени само начелните рамки за функционирањето на Владата, а организацијата и начинот на работа да се уреди со закон. Имено, со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) во член 1 е предвидено дека со овој закон се уредуваат „организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија". Со ваквото дефинирање на надлежностите на Владата преку определување на надлежности опфатени во членот 8 од Законот за Влада, покрај надлежностите утврдени со Уставот, врши и други работи утврдени со закон.

Потребно е да се потенцира дека Уставот не е акт кој ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно ова произлегува уставноста на надлежноста на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон. Целта на оспорениот закон е да се зголеми ефикасноста во функционирањето на Владата за спроведување на парламентарни избори.

Во однос на составот на Владата (член 89 став 1), Уставот утврдува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер", во Уставот се користи и терминот „член на Владата". Со Законот за Владата на Република Македонија, како што напред е веќе наведено, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при што во член 16 од Законот е уредено дека претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици, дека претседателот на Владата го заменува неговиот заменик и дека претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.

Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 ставот 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се

уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Врз тие основи, со одделни одредби од законот се упатува на поблиско операционализирање и доразработка на одделни прашања, поими и термини, дотолку повеќе што истите се доразработени и со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Основен принцип во организацијата и вршењето на власта е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, со што се исклучува можноста со акти на носителите на уставно утврдените функции на власта да се менуваат со Устав утврдените односи во рамките на принципот на поделба на власта и на посебните облици на неговото остварување. Во тие рамки, вршењето на законодавната функција Уставот не го утврдува само како право, туку и обврска за Собранието, која не може, надвор од случаите утврдени со Уставот, со закон да се пренесува ниту на еден друг орган, па ниту на Владата. Со Уставот, Владата е утврдена како носител на извршната власт, која покрај надлежностите утврдени со Уставот, што произлегуваат од нејзината положба на носител на извршната власт, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување.

Оспорените одредби со кои се утврдува оперативното работење на преодната Влада со цел организирање на парламентарни избори, не излегуваат надвор од уставно утврдените рамки. Законот ја уредува преодната Влада, како задолжителна за сите парламентарни избори, а оправданоста на овие измени е во уставно загарантираното право на граѓаните да ја остварат власта преку демократски избрани претставници.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2018) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот. Оттука, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати  Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2018).

**<u>Точка 56</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.270/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2016), поднесена од Светскиот македонски конгрес и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/16), дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што бара Уставниот суд да го поништи оспорениот закон, и до донесувањето на одлуката да донесе времена мерка за штетните последици.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за времена мерка е беспредметно и противречно, од причина што со членот 4 во оспорениот закон изрично е определен почетокот и престанокот на важењето на законот, односно неговата примена. Согласно ова, овој закон не е во правна сила и не предизвикува штетни последици.

Целта на донесувањето на оспоруваниот закон е создавање на услови за да се овозможат фер и демократски избори согласно домашните и меѓународни стандарди. Особено овој закон е донесен во функција на надминување на политичката криза, а со цел воспоставување на стабилни односи во политичкиот процес, како и исполнување на европската агенда. Со овој предлог се предвидуваат одредби за Владата на Република Македонија во функција на организирање на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година. Измените и дополнувањата на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2016) се настанати како резултат на широки консултации со сите засегнати страни, вклучително и релевантни чинители од меѓународната и европската експертска фела.

Со членовите 1 и 2 на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија се уредува организацијата на Владата на Република Македонија сто дена пред одржувањето на предвремените избори за пратеници во Собранието. Согласно овој закон членот 44 став (1) од Законот за Владата на Република Македонија се менува и гласи: „Заради организирање на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година, Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Владата на Република Македонија, сто дена пред денот на одржувањето на избори за пратеници во Собранието на Република Македонија избира министер за внатрешни работи и министер за труд и социјална политика, на предлог на опозицијата со мандат кој трае до денот на објавувањето на конечните резултати од Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, по што мандатот им престанува по сила на закон.“ Со овој член изрично е определен почетокот и престанокот на мандатот на министрите за внатрешни работи и труд и социјална политика, со што законодавецот предвидел точна рамка и детална уредност на мандатот.

Во истиот член се менува став (4) и гласи: „Министерот за внатрешни работи може да изврши најмногу 15 разрешувања или распоредувања, на пониско или повисоко

место на носители на раководна позиција во министерството, во согласност со закон. Министерот за внатрешни работи може да изврши и хоризонтални распоредувања на вработените кои се на негов предлог во бројката до 10% од бројот на хоризонтални распоредувања базирани на просекот на овие распоредувања во 2013 и 2014 година". Од овој став јасно произлегува намерата на законодавецот во смисла на ограниченост на министерот за внатрешни работи во постапувањето и ограничување на можноста од евентуални злоупотреби. Целта на донесувањето на оспорениот закон и постоењето на оваа влада е единствено за организирање на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година да се зголеми ефикасноста во функционирањето на Владата за спроведување на истите.

Со овој закон во горецитираниот член се додава и нов став (5) со кој е определено дека Министерството за финансии и другите органи на државната управа и правни субјекти, веднаш по изборот на министерот за внатрешни работи од ставот (1) на овој член, ги одобруваат постапките за ангажирање на лица за потребите на кабинетот на министерот за внатрешни работи. Овој став својата оправданост ја црпи од потребата за непречено функционирање на кабинетот и ефикасност на постапките. Основаноста на овој став произлегува и од законско утврденото право на кабинети и определени работни места во кабинетите (кабинетски службеници) согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

Членот 46 став (1) се однесува на мандатот на дополнителниот заменик на министерот со што направено е допрецизирање и е утврдено дека истиот трае од денот на неговиот избор до денот на објавувањето на конечните резултати од Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година по што мандатот му престанува по сила на закон.

Понатаму со овој закон со членот 3 се уредува постапувањето по престанокот на мандатот на министрите за внатрешни работи и за труд и социјална политика избрани во оваа Влада. Така според став (1) по престанувањето на функцијата на министерот за внатрешни работи и министерот за труд и социјална политика согласно со членот 44 став (1) од овој закон, заменикот на министерот во Министерството за внатрешни работи и заменикот на министерот во Министерството за труд и социјална политика, ја преземаат надлежноста, односно ја вршат функцијата министер за внатрешни работи, односно министер за труд и социјална политика наредниот ден по денот на објавувањето на конечните резултати од Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година. Според став (2) сите евентуални одлуки донесени од страна на министерот за внатрешни работи и министерот за труд и социјална политика избрани согласно со членот 44 став(1) од овој закон, по денот на објавувањето на конечните резултати од Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година, се ништовни по сила на закон и не произведуваат правно дејство.

Членот 4 е завршна одредба и предвидува овој закон да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а да се применува до денот на објавувањето на конечните резултати од Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година.

Со Уставот јасно е определена положбата на Владата и се утврдени нејзините права и должности. Владата е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Врз основа на наведеното, Уставот јасно ја определил положбата на органите во организацијата на државната власт, а со тоа и положбата на Владата како носител на извршната власт, која своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон. Потребно е да се потенцира дека Уставот не е акт кој ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на надлежноста на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон. Уште повеќе што, со цел да се зголеми ефикасноста во функционирањето на Владата за спроведување на парламентарни избори, неопходно се јави потреба од носење на соодветни измени и дополнувања на законот. Потребата од формирање на преодна влада е во итноста и неодложноста да се одлучува за некои прашања од нејзина надлежност кои со оглед на нивниот карактер, нивното решавање не трпи одлагање.

Оспорените одредби со кои се утврдува оперативното работење на Владата не излегуваат надвор од уставно утврдените рамки, и истите се однесуваат на доразработување на уставните одредби и утврдување на начинот на работа на Владата како и допрецизирање на делови од законот. Со ова со одделни одредби од законот се упатува на поблиско операционализирање, прецизност и поставување на одредени временски рамки, со што не би се оставило простор за злоупотреба, а истите имаат точно определена цел во насока на воспоставување стабилни политички односи, и во рамки на пошироката цел, исполнување на евро-атлантски перспективи.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/16) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот. Оттука, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/16).

**<u>Точка 57</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата под У.бр.265/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), поднесена од Светски македонски конгрес и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 16 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што бара Уставниот суд да го поништи оспорениот закон и до донесувањето на одлуката да донесе времена мерка за штетните последици.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани.

Воедно, барањето на подносителот за времена мерка е беспредметно и противречно.

Со член 16 од Законот за Владата на Република Македонија се уредува:
“ (1) Претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици.
(2) Претседателот на Владата го заменува неговиот заменик.
(3) Претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.”
Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓу другото, е утврдено владеењето на правото.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 88 од Уставот на Република Северна Македонија Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Член 89 ставот 1 од Уставот предвидува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри, а согласно ставот 6 „организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон“. Во Уставот како највисок правен акт се утврдени само начелните рамки за функционирањето на владата, а организацијата и начинот на работа се уредува со закон.

Имено, со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) во член 1, е предвидено дека со овој Закон се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Северна Македонија.

Со Уставот јасно е определена положбата на Владата и се утврдени нејзините права и должности. Владата е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон. Уставот е акт кој не ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на организацијата на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон.

Во однос на составот на Владата (член 89 став 1), Уставот утврдува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер”, во Уставот се користи и терминот „член на Владата”. Со Законот за Владата на Република Македонија, како што напред е веќе наведено, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при што во член 16 од Законот е уредено дека претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици, дека претседателот на Владата го заменува неговиот заменик и дека претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности. Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 ставот 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Врз тие основи, со одделни одредби од законот се упатува на поблиска детална разработка на организацијата на Владата и на одделни поими и термини и правото на вршење на одделни работи.

Прашањето од постоење на заменици на министрите и заменик на претседателот на Владата е прашање на организација на Владата. Тргнувајќи од содржината на член 89 став 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот, односно определувањето на заменик на министерот и заменик на претседателот на Владата не излегува надвор од уставните рамки. Членот 16 од Законот за Влада на Република Македонија својата оправданост ја има во потребата од подобра организација и зголемување на ефикасноста во функционирањето на Владата, односно на министрите и на претседателот на Владата. Оспорениот член го уредува оперативното работење на Владата и истиот се однесува на доразработување на уставните одредби и утврдување на организацијата и начинот на работа на Владата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 16 од Законот за Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08,

82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19).

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.277/2020 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 288, член 381 став 3 и 4, членовите од 483 до 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспоруваат член 288, член 381 ставовите 3 и 4, член 483, член 484, член 485, член 486, член 487, член 488, член 489 и член 490 од Законот за кривичната постапка. Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека членот 288 од Законот за кривичната постапка е спротивен со членот 8, членот 15, членот 98 ставовите 1 и 2 и членот 106 од Уставот како и со членот 6 од Европската конвенција за човекови права. Подносителот наведува дека јавниот обвинител е поставен како орган кој ги гони сторителите на кривични дела. Исто така, подносителот истакнува дека согласно член 6 ставот 2 од Законот за судовите, при одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок пред независен и непристрасен суд основан со закон. Исто така, подносителот наведува дека „нејасно е како органот кој треба да гони одеднаш станува и орган кој одлучува дали постои или не постои кривично дело, дали делото е застарено, дали настапила амнестија или помилување, дека не постоело сомнение дека пријавениот сторил кривично дело, или дали постојат други околности кои го исклучувале гонењето“. Подносителот истакнува и дека нејасно е како законодавецот спротивно на член 6 од Законот за судовите, со членот 288 од Законот за кривичната постапка му дал за право на јавниот обвинител самостојно да одлучува, за постоење или непостоење на кривично дело кога тоа одлучување согласно членот 4 од Законот за судовите е надлежност на судот и претставува целосно судска работа. Според подносителот на Иницијативата, вака поставениот јавен обвинител претставува вонреден воспоставен и пристрасен суд затоа што има спојување на органот што гони и органот кој одлучува и обвинителот е изедначен со суд кој што одлучува да не се гонат сторителите додека оштетените се оставени без можност на судска заштита.

Во однос на членот 381 ставовите 3 и 4 од Законот за кривичната постапка, подносителот на Иницијативата наведува дека секое договарање во судско кривична постапка е спротивна на целата поставеност на нашиот правен систем, а пред сѐ, тоа е спротивно на членот 13 од Уставот.Според подносителот, со членот 381 ставовите 3 и 4 од Законот за кривичната постапка се дерогира целата судска постапка за утврдување на вина и со тоа што оној кој признал вина нема право на жалба, тоа значи дека веќе се смета за правосилно осуден без спроведена постапка за утврдување на вина.

Во однос на оспорените членови 483, 484, 485, 486, 487, 488, 489, 490 од Законот за кривична постапка, подносителот го поставува прашањето каква е оваа спогодба за донесување на пресуда врз основ на спогодба во кривична постапка со која јавниот обвинител ја презема улогата на адвокат и нотар.

Врз основа на наведеното, подносителот на Иницијативата бара да се поништат цитираните членови од Законот за кривичната постапка.

Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок, меѓу другите, се утврдени и:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- владеењето на правото; и
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Во АМАНДМАНОТ XXI од Уставот се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Имено, пропишано е дека правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Во АМАНДМАНОТ XXV е пропишано дека судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во членот 106 од Уставот е пропишано дека Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Со АМАНДМАНОТ XXX е уредено дека Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на

јавното обвинителство се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во членот 288 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека:

„Член 288

Отфрлање на кривичната пријава

(1) Јавниот обвинител со решение ќе ја отфрли кривичната пријава ако од самата пријава произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако настапила застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постои основано сомневање дека пријавениот го сторил кривичното дело.

(2) Решението за отфрлање на кривичната пријава му се доставува на оштетениот со поука дека може во рок од осум дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител, а подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето.

(3) Доколку жалбата е недозволена или ненавремена повисокиот јавен обвинител писмено ќе го извести оштетениот.

(4) Повисокиот јавен обвинител во рок од 30 дена по приемот е должен да одлучи по жалбата на оштетениот.

(5) Постапувајќи по жалбата, повисокиот јавен обвинител може со решение да го потврди решението за отфрлање на кривичната пријава или жалбата да ја уважи и да го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.“.

Во членот 381 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека:

„Член 381

Донесување на пресуда врз основа на признание на вината во текот на главната расправа

(1) По поуката за правата на обвинетиот без оглед на природата и тежината на кривичното дело за кое се води постапката, обвинетиот може доброволно да ја признае вината во однос на едно или повеќе кривични дела од обвинението.

(2) По даденото признание за вината, судијата поединец, односно претседателот на советот е должен да испита дали признанието е доброволно, дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

(3) По спроведувањето на дејствијата од ставот (2) на овој член од страна на судот, во доказна постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата.

(4) Во однос на пресудата или делот од пресудата што е донесена како резултат на признавањето на вината на обвинетиот во текот на главната расправа, обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.“.

Во Главата XXIX е детално уредена материјата за ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ, и тоа во однос на: поднесување на предлог-спогодбата, предметот на спогодувањето, елементите на предлог-спогодбата, учеството на бранителот на осомничениот во спогодувањето, неучеството на судот во спогодувањето за вината, постапувањето по предлог-спогодбата, одбивање на предлог- спогодбата и пресудата врз основа на предлог-спогодба.

Оспорените одредби од Законот за кривична постапка се во согласност со Уставот поради следниве причини:

1. Во однос на оспорениот член 288 од Законот за кривичната постапка, истакнуваме дека една од законските можности за завршување на предистражната постапка е донесување решение за отфрлање на кривичната пријава. Законските основи поради кои јавниот обвинител може да ја отфрли кривичната пријава се материјално-правни и процесно-правни. Пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност е материјално-правен основ за отфрлање на кривичната пријава. Ваквиот основ би постоел кога во пријавеното дејствие недостасува некој од законските обележја на предметното дело, но и во случај кога пријавеното дело постои, но се гони по приватна тужба. Исто така, за кривични дела за кои е пропишана парична казна или затвор до 3 години, кога се исполнети сите законски услови и кога се работи за дело од мало значење, согласно членот 8 од Кривичниот законик, пријавата може да биде отфрлена по овој законски основ. Другите законски основи: ако настапила застареност или ако делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности кои го исклучуваат гонењето (смрт на осомничениот, потребно е одобрение за гонење или пријавеното лице ужива имунитет) се процесно-правни причини. Ако не постои основано сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело е нова околност, за разлика од поранешната, ако не постојат основи на сомневање дека пријавениот го сторил делото. Со оглед на фактот што јавниот обвинител раководи со предистражната постапка, тој е должен сам или преку правосудната полиција во оваа фаза од постапката да прибира информации и докази во прилог на основаноста на сомнението за сторено дело, по што ќе спроведе истрага. Ако во предистражната постапка од доставеното во прилог на пријавата и од дополнително направените проверки од негова страна или преку други органи, нема основано сомнение за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, сосема разбирливо, поради тоа што тој не може да спроведе истрага, ќе ја отфрли кривичната пријава. Една од позначајните новини кои се пропишани во оваа фаза од постапката е напуштањето на институтот на

супсидијарна тужба. Главен аргумент на постоењето на овој институт беше контрола на решенијата на јавниот обвинител за отфрлање на кривичните пријави од страна на оштетениот, кој можеше до судот да го продолжи кривичното гонење. Според новиот концепт на законот, јавниот обвинител е субјектот кој ја води истражната постапка и кој одлучува за нејзино поведување. Пропишани се забрзани постапки за донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот во истражната постапка, постапка за издавање на казнен налог. Очигледно неспојливо е друг субјект да ја спроведува истражната постапка или да му издаде наредба на јавниот обвинител, кој веќе ја отфрлил кривичната пријава, да спроведе истражна постапка. Сосема незначителниот број на успешни супсидијарни тужби пред судовите, исто така беше една од главните причини за напуштање на овој институт. Од друга страна, оштетените користејќи го ова право, во многу случаи и тенденциозно, непотребно ги оптоваруваа судовите со предмети. Контролата на решенијата за отфрлање на кривичната пријава сега се остварува со право на оштетениот за поднесување жалба до повисокиот јавен обвинител. Доколку јавниот обвинител донесе решение за отфрлање на кривичната пријава, примерок од него му доставува на оштетениот, со поука дека може во рок од 8 дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител. Со ваквото законско решение се задоволуваат меѓународните стандарди, за правото на жалба против сите првостепени одлуки на државните органи. Од друга страна, во практиката кога повисокиот јавен обвинител, остварувајќи го своето право на надзор врз работата на пониските јавни обвинителства, ќе констатираше неправилно донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, немаше никаква процесно-правна можност да ја отстрани оваа неправилност (незаконитост). Сега преку овој институт повисокиот обвинител, по изјавена жалба од оштетениот, би можел да ја отстранува оваа незаконитост. Освен на оштетениот, на кого му се доставува примерок од решението со наведената поука, подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето. Повисокиот обвинител, постапувајќи по жалбите поднесени од оштетените може да донесе два вида на одлуки. Доколку оцени дека жалбата на оштетениот е неоснована, со решение го потврдува решението за отфрлање на кривичната пријава донесена од страна на основното обвинителство. Повисокиот обвинител со решение може да ја уважи жалбата на оштетениот и да го задолжи пониските обвинител да ја продолжи постапката.

2. Во однос на оспорениот член 381, ставовите 3 и 4, истакнуваме дека овој член е во целосна согласност со одредбите од Уставот. Постапката за признавање на вина на главната расправа е регулирана во членовите 380 и 381 од Законот за кривичната постапка. Според овие одредби, откако ќе го поучи обвинетиот за правото да молчи односно да даде исказ, за можноста да изнесува докази во своја одбрана, да им поставува прашања на лицата што се испитуваат и да става забелешки во однос на нивните искази, претседателот на советот има обврска да го повика обвинетиот да се произнесе дали се чувствува виновен или не во однос на кривичните дела опфатени со обвинението. Од содржината на овој став произлегува дека обвинетиот признавањето на вината може да го даде без оглед на природата и тежината на кривичното дело за кое се води постапката, односно дека тоа може да се направи за кое било кривично дело. Исто така, тој може да ја признае вината во

однос на едно или повеќе кривични дела содржани во обвинението. За да може да биде прифатено како признание, признанието на обвинетиот мора да ги содржи следниве аспекти: тоа треба да ги опфаќа сите битни обележја на кривичното дело кое му се става на товар, да не содржи основ за исклучување на противправноста, како и да не содржи основ за исклучување на кривичната одговорност на обвинетиот. Според Законот за кривичната постапка, судијата поединец односно, претседателот на советот, по даденото признание за вината, е должен да испита: дали е доброволно признанието; дали е свесен обвинетиот за правните последици од признавањето на вината и дали е свесен обвинетиот за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка. Ваквиот законски текст упатува на заклучок дека признанието на вината може да се прифати само доколку се исполнат следните услови: изјавата за признавање на вината да биде дадена доброволно, свесно и со разбирање, како и откако ќе биде предупреден обвинетиот за правните последици и последиците поврзани со имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка. За да се смета дека изјавата за признавање на вината е дадена доброволно, потребно е таа да биде израз на слободна волја и одлука на обвинетиот. Изјавата на обвинетиот не смее да биде резултат од употреба на сила, закана или друга форма на присилба или ветување на некаква корист. Ова произлегува и од начелото на законитост на доказите содржано во ставот 1 од членот 12 од Законот за кривичната постапка, според кој е забрането да се изнудува од обвинетиот или од друго лице кое учествува во постапката признание или некаква друга изјава. Во оваа смисла, доброволноста вклучува два елементи: прво, обвинетиот мора да биде ментално способен да ги сфати своите постапки кога се изјаснува дека ја признава вината и второ, изјаснувањето не смее да биде резултат од каква било закана или ветување за каква било корист, освен очекување дека со признанието на вината обвинетиот ќе добие помала казна. Притоа треба да се нагласи дека станува збор за очекување на помала казна, а не за некаков претходен договор за видот и висината на казната помеѓу обвинетиот, судот и обвинителот. Свеста на обвинетиот, како услов за прифаќање на неговото признание, исто така се цени според повеќе критериуми. За да може судот да го прифати изјаснувањето на обвинетиот за признание на вина, потребно е тој да го разбира значењето на тој акт, што подразбира таквото признавање, да е запознаен со процесното значење и процесните последици од изјавата за признавање на вината, како и со последиците кои таквата изјава може да ги има за него со донесувањето на пресудата и изрекувањето на санкцијата. Обвинетиот кој се изјаснува дека се чувствува виновен мора да ја разбира природата и последиците од таквото изјаснување, како и да знае со сигурност во однос на што се изјаснува дека е виновен. Изјавата не смее во себе да содржи елементи кои, доколку би се утврдило дека постојат, би претставувале основ за исклучување на постоење на кривично дело. На пример, обвинетиот не смее да признае дека убил некого, а истовремено да наведува околности кои укажуваат дека тоа го сторил во нужна одбрана. Судот испитува дали до признавањето на вината дошло доброволно, свесно и со разбирање на правните последици и последиците поврзани со имотноправните барања и трошоците на постапката, врз основа на непосредна комуникација со обвинетиот и неговиот бранител, како и врз основа на податоците за неговата личност, здравствената состојба, податоци за неговиот поранешен живот, доколку има такви на располагање.

Клучната новина која произлегува од Законот за кривичната постапка е во тоа што сега врз основа на ваквото признание и под услови определени со законот се редуцира доказната постапка. Ова од причини што во случаите кога судот ќе утврди дека се исполнети условите за прифаќање на изјавата на обвинетиот за признавање на вината, во доказната постапка се изведуваат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата. Тоа значи дека како докази се изведуваат изводите од казнената евиденција на обвинетиот, разни потврди или уверенија за неговата материјална и семејна состојба, докази за неговата здравствена состојба или состојбата на членовите на неговото семејство, околности и докази кои укажуваат дека делото е извршено од небрежност и слично. Дел од овие докази се веќе предложени писмени докази, а дел можат да се обезбедат преку директно испитување на обвинетиот од страна на бранителот. Исто така, дел од доказите кои се однесуваат на санкцијата можат да се добијат преку испитување на оштетениот во смисла на тоа дали настапила штета, дали обвинетиот ја надоместил, како се однесувал по сторување на кривичното дело и слично. Пресудата која е донесена врз основа на прифатеното признание за вина на обвинетиот е осудителна пресуда и ги има сите елементи согласно членовите 404 и 408, освен ставот 6 од член 408, затоа што фактичката состојба судот ја утврдува како неспорна врз основа на признанието на вината, а во контекст на предложените докази. Обвинетиот признанието на вината го дава од причини познати нему, а судот треба да го прифати доколку се увери дека е дадено свесно и доброволно. На главната расправа ќе се изведат и доказите кои се однесуваат на трошоците во постапката, на имотно-правното барање, на одземањето предмети, на конфискација, на мерки за безбедност, доколку се предложени од странките и слично. Во зависност од тоа дали обвинетиот признал вина во однос на сите или само на некои од кривичните дела, судот ќе донесе пресуда врз основа на признание на вина само за тие кривични дела за кои се однесува признанието, а ќе ја раздвои постапката за кривичните дела за кои обвинетиот не дал признание на вина или за другите сообвинети. На таквата пресуда обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.

3. Во однос на оспорените одредби од Главата која се однесува на ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ, ова е нов концепт за прв пат воведен во Законот за кривичната постапка од 2010 година, кој е во целосна согласност со уставните одредби. Постапката за спогодување за кривична санкција за првпат се воведе со Законот за кривичната постапка од 2010 година и претставува новина којашто освен во англосаксонскиот правен систем, постои во многу држави од континентална Европа. Иако навидум се чини дека спогодувањето се судира со основните постулати на класичното казнено-процесно право својствено за европското тло, во повеќе европските држави подолго време легислативно е пропишана и бележи богата практика постапката за изрекување санкција врз основа на предлог на странките. Поедноставените и забрзани постапки во споредбеното право (Германија, Италија, Франција, Норвешка, Холандија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија) се резултат од настојувањето за забрзување и ефектуирање на казненото процесно постапување, а со самото тоа и на казнената правда. Новите

решенија со кои суштински се реформира процедуралното постапување претставуваат, во својата основа, англосаксонски институти кои имаат долгогодишна традиција во државите од common law со нивно нужно приспособување кон европската правосудна практика. Традиционалното казнено-процесно право и судска практика својствени за европското тло, долги години се спротивставуваа на спогодбената односно консензуалната правда, тргнувајќи од определбата дека казнената реакција е строго законски утврдена и не познава дијалог, компромис, ниту договор со оглед на фактот што главната цел е заштита на фундаменталните социјални вредности. Спогодбената правда треба да се сфати како начин за приспособување на постапката кон околностите на случајот. Таа поттикнува иницијативност на странките и нивна подготвеност да се прифати предлогот на другата страна, да се преговара, да се изнајде компромисно решение во рамките на законски дозволените овластувања на странките. Клучна улога во прифаќањето на различни облици на спогодување, во еден дел, се должи на прифаќањето на Препораката бр. Р (87) 18 на Комитетот на министри на Советот на Европа за поедноставување на казнената правда којашто изречно ја препорачува постапката за спогодување со цел за забрзување на постапувањето. Имено, кога обвинетиот ја признава вината не треба да биде долготрајно во неизвесност за санкцијата што следува. Кога постои признание од обвинетиот, правилата на постапката мора да бидат поедноставени. Забрзувањето се однесува на неизведување на докази поврзани за фактичката состојба и постапката е едноставна, брза и ефикасна бидејќи судот треба само да ја изрече санкцијата. Една од причините за прифаќање на спогодувањето за кривичната санкција беше настојувањето да се скрати траењето на кривичната постапка во случаите кога фактичката состојба е неспорна за обете странки, кога обвинителството располага со доволно докази во однос на кривично-правниот настан, при што и без изведување на прибавените докази судијата ќе може да донесе основана, законита и правична пресуда. Одредбите од оваа глава се применуваат и во текот на оцената на обвинителниот акт, каде што основа за отпочнување на постапката за спогодување е изјавата за признавање вина. За разлика од моделот на спогодувањето за кој се определил Законот за кривичната постапка лимитирајќи го до фазата на оцена на обвинението, во дел од државите во регионот (на пример, Босна и Херцеговина, Србија) дозволено е спогодување и во текот на самата главна расправа. Во нашиот систем, спогодувањето се одвива во текот на истражната постапка, пред поднесување на обвинителен предлог за дела за коишто се води скратена постапка и во фаза на оцена на обвинителниот акт.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 288, член 381 ставовите 3 и 4, член 483, член 484, член 485, член 486, член 487, член 488, член 489 и член 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/10), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 288, член 381 ставовите 3 и 4, член 483, член 484, член 485, член 486, член 487, член 488, член 489 и член 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/10).

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2626 за КО Бутел на КП бр. 2370 МВ/Улица Бутелска, доставена од нотар Насер Зибери од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7329 за КО Центар 1, Имотен лист бр.111109 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.111108 за КО Центар 1, со дополнувањето, доставена од нотар Анита Адамческа од Скопје и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.953 за КО Бутел на КП бр.5047 викано место/улица „Хо Ши Мин" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стела Лазаревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192565в за КО Драчево на КП бр.785 викано место/улица Јурија и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2085 за КО Злокуќани на КП бр.7060, дел 2, викано место/улица с. Злокуќани, со дополнувањето и по Понудата го усвои новото Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за трета усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) за КО Љубанци, доставена под И. бр. 1275/2017, која ќе се одржи на 25 ноември 2020 година и по Известувањето ги усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 65**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.2495/19 од 28.7.2020 година за КО Чаир и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), која ќе се одржи на 26 ноември 2020 година и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 66**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.19/20 од 14.1.2020 година и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), која ќе се одржи на 25 ноември 2020 година и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

1. Владата го разреши д-р Драги Рашковски од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, на негово барање.

1.1 Владата го именува Мухамед Зеќири за генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Амет Аџиу од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер, Битола.

2.1 Владата го именува Осман Шукриу за директор на Јавната установа Национален парк Пелистер, Битола.

3. Владата го разреши Трајче Ангеловски од должноста член на Советот за јавно приватно партнерство, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

4. Владата ја разреши Елпида Младеновска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – П.О. Скопје, на нејзино барање.

4.1. Владата го именува Ристо Пецов за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – П.О. Скопје.

5. Владата на Ѓоко Талевски му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“–Битола, на негово барање.

6. Владата на Анте Поповски, разрешен од должноста в.д. директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 22 октомври 2020 година до 22 октомври 2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи.

7. Владата на Никола Шалваринов разрешен од должноста директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 9 ноември 2020 година до 9 ноември 2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија.

8. Владата на Денис Исмаили разрешен од должноста в.д. директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 9 ноември 2020 година до 9 ноември 2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Управата за наменско производство.

9. Владата ја разреши Дејана Николова од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, стручен работник од центарот за социјална работа на нејзино барање.

9.1 Владата ја именува Катерина Сенева-Конева дипл. социјален работник - тријажер за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, стручен работник од Центарот за социјална работа.

10. Владата на Никола Камчев му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, на негово барање.

11. Владата го именува Веселин Стојчевски за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“ Битола.

12. Владата го именува Еран Куртиш за вршител на должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го отповика Драгољуб Филипоски од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост.

13.1 Владата го избра Бинас Пајазити за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост.

14. Владата го отповика Зоран Иванов од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост.

15. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

<u>Точка 68</u>

**1.** Владата по Барањето од Хелсиншкиот комитет за човекови права, поддржано од група на здруженија на граѓани, сојузи и фондации, доставено под бр.03-966 од 23 ноември 2020 година, заклучи Министерството за здравство во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да подготват одговор по истото.

**2.** Во врска со Заклучокот од 57-та седница на Владата, одржана на 6 март 2018 година (Прашања и предлози) и Заклучокот од 71-та седница на Владата, одржана на 5 јуни 2018 година, донесен по Информацијата за подготовките за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово, Владата заклучи истите да се изменат во насока:

- Го определи првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби, да биде координатор на активностите во врска со подготовка на заедничката владина седница со Република Косово и како координатор се задолжува, во соработка со заменикот на претседателот на Владата на Република Косово да предложат датум за одржување на првата заедничка владина седница помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово.

**3.** Владата донесе Одлука за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за реконструкција на спортска сала Соколана, кои да ги префрли на посебна сметка на Општина Куманово, од Буџетот на Агенцијата за млади и спорт.

Согласно ова се задолжува Агенцијата за млади и спорт да подготви и до Владата да достави соодветна одлука.

**4.** Владата по Барањето од Министерството за финансии за изменување на Заклучок по Информацијата за издавање на лиценци на општински даночни инспектори, усвоена на Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 октомври 2020 година (бр.44-3539/1) Точка 12, заклучи, заклучокот кој гласи:

„- Се задолжува Министерството за финансии најдоцна до крајот на декември 2020 година да изготви и достави до Владата Предлог на закон за изменување на Законот за даноци за имот во насока на усогласување со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19), во кој соодветно ќе се уреди начинот и постапката за издавање на лиценци на општинските даночните инспектори.“, да престане да важи бидејќи оваа материја се регулира во друг закон кој е во сила и е во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

**5.** Владата заклучи Заклучокот број 1 од Нацрт – записникот од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2020 година под Точка 4 (Прашања и предлози) кој гласи:

„1. Се задолжува ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“ да направи објава за поништување на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите на Институтот за земјотресно инженерство и климатски промени Скопје – ИЗИКП објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/20 од 10.11.2020 година, од причина што истиот е донесен во незаконска процедура и објавен без претходна согласност на Владата и како таков не произведува правно дејство, нема правна сила и не може да биде ставен во правен промет.“ да престане да важи.

**6.** Владата заклучи да се повтори Заклучокот донесен на 167-та седница, одржана на 26 ноември 2019 година, во врска со Информацијата со текст на предлог - закони за дополнување на законите во врска со примената на новиот Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, кој гласи:

- Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготват соодветни изменувања на Законот за градење, Законот за градежно земјиште, Законот за земјоделско земјиште, Законот за концесии и јавно-приватно партнерство, Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Законот за експропријација, Законот за енергетика, Законот за странци, Законот за

работните односи, Законот за води, Законот за животна средина и други закони и до Владата да ги достават во рок од 15 дена.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево, за трет квартал на 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје, за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот декември 2020 – декември 2022 за потребите на населението на Република Северна Македонија, со дополнувањето, како материјал за информирање, со укажување да се направи корекција во однос на фискалните импликации во делот на износот на јавната набавка за 2022 година, согласно укажувањето на заменикот на министерот за финансии.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со препораки од Интернационална стопанска комора до Бирото за јавни набавки за додавање на Анти-корупциска клаузула во договорите за јавни набавки, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки од страна на Министерството за внатрешни работи по основ на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија донесени на Сто и четириесеттата седница, одржана на 18 јуни 2019 година, кои произлегуваат од Годишните извештаи за ревизорска активност и Годишни ревизорски мислења за 2018 година, доставени од Ревизорското тело до надлежните директорати на Европската комисија на 15 март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на пруга Бељаковце - Крива Паланка, за период до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи сите државни институции и општини кои реализираат капитални инвестиции поголеми од 1.000.000,00 евра во денарска противвредност да не ја ангажираат шпанската фирма EPTISA од причини што истата неетички, незаконски и несоодветно постапила како надзор во поглед на првата фаза од изградбата на железничката пруга Куманово - Бељаковце.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлогот на закон за регистрација на возила со странски регистерски таблици на територијата на Република Северна Македонија, го утврди како Предлог на закон за регистрација на возила со странски регистерски таблици на територијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите од Прва фаза на конкурентен дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Извештај од спроведената евалуација на пријавите за учество по Јавен повик бр.01/2020 за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија и Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за избор на кандидатите „Акса Догалгас Дагити А.С.“ од Република Турција и „Палмет Енерџи Аноним Ширкети“ од Република Турција, до кои ќе се достави покана за учество во втората фаза на конкурентен дијалог, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за економија да исплати паричен надомест на активните членови и заменици членови на Комисијата во износ од по три просечни плати во Република Северна Македонија за секоја фаза од тендерската постапка, по доставување на извештајот за секоја завршена фаза до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите поврзани со Бернска Конвенција, со Извештај и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за активностите поврзани со Бернска Конвенција.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во најбрз можен рок, да го достави Извештајот за активностите поврзани со Бернската Конвенција до Секретаријатот на Бернската конвенција и до Постојната мисија на Република Северна Македонија во Стразбур.

3. Го назначи Министерството за животна средина и просторно планирање како главен координатор и контактна точка (focal point) за активностите поврзани со Бернската Конвенција.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да определи контакт лице (focal point) и за тоа да го извести Министерството за надворешни работи, Постојната мисија на Република Северна Македонија во Стразбур и Секретаријатот на Бернската конвенција, во рок од 7 дена.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 7 дена, да го извести Секретаријатот на Бернската Конвенција, за промена во Опфатот на мисијата, во однос на точката за координација на мисијата, односно дека наместо Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, тоа да биде Министерството за животна средина и просторно планирање.

<u>Точка 78</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со финансиска поддршка за јавни комунални претпријатија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

<u>Точка 79</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година, со текст на Писмо и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Писмото до барателот за согласност за продолжување на времето за назначување арбитер од страна на тужениот и поднесување предлози за регулирање на сите аспекти на арбитражната постапка.

2. Го овласти Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да го потпише Писмото до барателот за согласност за продолжување на времето за назначување арбитер од страна на тужениот и поднесување предлози за регулирање на сите аспекти на арбитражната постапка.

3. Се задолжува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, најдоцна до 30.11.2020 година да го испрати Писмото до барателот за согласност за продолжување на времето за назначување арбитер од страна на тужениот и поднесување предлози за регулирање на сите аспекти на арбитражната постапка до адвокатската куќа Скот и Скот од Обединетото Кралство како правни застапници на тужителите Гокул Дас Бинани и Мадху Бинани.

4. Се задолжува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, најдоцна за 10 дена да свика состанок на Координативното тело за арбитражи на кој ќе се разгледа предметот и ќе се состави предлог-листа на адвокатски куќи и можни предлози за арбитри и за тоа ќе достави Информација до Владата на Република Северна Македонија по претходна консултација со експерти од областа.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловниот  реон Куманово, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Мастер план на Република Северна Македонија во рамките на регионалниот ИПА проект „Регионална поддршка за управувањето со сензитивната миграција во делот на Западен Балкан и Турција – фаза 2“ и ја усвои со следниот заклучок:

-Ги овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, веднаш по усвојување на Информацијата да го потпишат писмото до Европската комисија со кое што ќе се изрази интерес за започнување на фаза 2, насочена конкретно кон Република Северна Македонија и посветеност да се продолжи кон фаза 3, т.е. операционализација на ИТ системот.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на процес на Кодификација на правото и правниот поредок во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за јавна набавка на софтвер и софтверско решение со кој што ќе се изврши кодификација на правото во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија, државните универзитети, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Државен универзитет во Тетово, од областа на правото - во рамки на своите Правни факултети, во рок од пет дена да номинираат по еден претставник до Министерството за правда, со цел формирање на оперативна работна група.

3. Со оперативната работна група ќе раководи и координира Министерството за правда.

4. Се задолжува оперативната работна група да подготви акциски план за начинот на спроведување на кодификацијата на правото во Република Северна Македонија и истиот да го достави во рок од 45 дена до Владата.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за

производство и трговија „БУЛ – БИЛДИНГ“, ДООЕЛ Пробиштип, со Предлог – одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија „БУЛ-БИЛДИНГ“, ДООЕЛ Пробиштип со заклучок во член 1 од текстот на истата да се дополнат бројот и датумот на Решението.

2. Предлагачот на материјалот да обезбеди извод/потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека се работи за ист субјект/фирма кој само го променил седиштето/локацијата.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на дополнителни Microsoft лиценци за потребата на Министерството за образование и наука и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди дополнителни 265 лиценци Microsoft 365 Е3 за потребите на Министерството за образовани и наука.

**Точка 87**

Владата го разгледа Барањето согласност на Одлуката за именување на заменик директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, го прифати и донесе Решение за давање согласност на Одлуката за именување заменик директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**